**20261281846**

# АД МЕПСО

Врз основа на член 155 став (4) точка (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје на 80-та седница одржана на ден 11.06.2026 година со Одлука УО бр.02-3612/1 од 11.06.2026 година, по претходно одобрување на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија согласно Одлука бр.12-912/6 од 10.6.2026 година, донесе

## ПРАВИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА ДОЛГОРОЧНИ ПРЕКУГРАНИЧНИ КАПАЦИТЕТИ *

Член 1

Во Правилата за долгорочни прекугранични капацитети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 92/26), по членот 2 се додава нов член 2-а кој гласи:

“Член 2-а

Цели на распределбата на долгорочни прекугранични капацитети

Целите на овие правила се:

(а) промовирање на ефективната долгорочна меѓузонска трговија со долгорочни меѓузонски можности за хеџирање за учесниците на пазарот;

(б) оптимизирање на пресметката и распределбата на долгорочен меѓузонски капацитет;

(в) обезбедување недискриминаторен пристап до долгорочен меѓузонски капацитет;

(г) обезбедување праведен и недискриминаторен третман на ОЕПС, ACER, ECRB, регулаторните тела и учесниците на пазарот;

(д) почитување на потребата за праведна и уреднадолгорочна распределба на капацитет и уредно формирање на цените;

(ѓ) обезбедување и подобрување на транспарентноста и веродостојноста на информациите за долгорочна распределба на капацитет;

(е) придонесување кон ефикасното долгорочно ра-ботење и развој на електропреносниот систем и електро-енергетскиот сектор.“

Член 2

Членот 57 се брише.

Член 3

Овие правила влегуваат во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија’’, а ќе отпочнат да се применуваат со отпочнувањето на примената на Правилата за долгорочни прекугранични капацитети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 92/26).

АД МЕПСО
Генерален директор,
**доц.д-р Бурим Латифи,** с.р.

2026 година
Скопје